Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип............................ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........................................................................................................16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..........................................................................................................25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.............................45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................................................................................54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ........ 83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-40/3 година донесена на 83. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, одржана на 13.2.2012 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" -Штип, во следниов состав:

- **проф. д-р Весна Пендовска**, редовен професор, Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, претседател;
- **проф. д-р Љупчо Блажевски**, вонреден професор, Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев", член;
- **проф. д-р Јован Ананиев**, вонреден професор, Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев", член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" и на официјалната веб-страница на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип на 25.12.2012 година за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев", во предвидениот рок се пријавија следниве кандидати: **Василчо Илијев** - магистер по право, **Станка Трифунова** – магистер по право, **Ивана Стаменкова** - магистер по право, **Сашка Мамучевска** – магистер на правни науки и **Кристина Мишева** - магистер на правни науки.

Комисијата ги разгледа доставените документи од кандидатите и од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, го дава следниов описен преглед:

***Биографски податоци и научноистражувачка дејност на сите пријавени кандидати:***

1. **Кандидатот м-р Василчо Илијев ги доставил следниве документи:**

- Пријава;
- Уверение за завршени правни студии на правен фаултет Јустинијан Први (180 кредити), (четири копии заверени кај нотар);
- Уверение за положени испити на втор циклус студии на Правен факултет „Јустинија Први" (оригинал и 3 копии заверени кај нотар);
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Потврда дека се служи со еден од светските јазици (англиски);
- Уверение за државјанство.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Василчо Илијев** е роден на 17 ноември 1987 година во Кочани.

Во 2006 година се запишува на Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, каде што се стекнува со звање дипломиран правник (180 ЕКТС).

Во 2009 година се запишува на втор циклус правни студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и ги завршува во 2012 година со просечен успех од 8,42. Со тоа канидатот се стекнува со назив магистер по право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Своето работно искуство го започнува како волонтер во Основен суд – Кочани. Во периодот од 17 февруари 2012 до 31 март 2012 година е на работна позиција референт за правни работи во Секторот за човечки ресурси во Ruen International technologies во Кочани. Од 26 септември 2012 година до денес работи како волонтер во Министерство за финансии, Управа за јавни приходи, Одделение за првостепена управна постапка – Кочани.

2. **Кандидатката м-р Станка Трифунова ги доставила следниве документи:**
- Пријава;
- Уверение за завршени правни студии на правен факултет Јустинијан Први (180 кредити), (една копија заверена кај нотар);
- Уверение за положени испити на втор циклус студии на Правен факултет Јустинија Први (еден примерок заверен кај нотар);
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Диплома дека се служи со еден од светските јазици (англиски), (една копија заверена кај нотар);
- Уверение за државјанство од 2006 година.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Станка Трифунова** е родена на 16 јуни 1987 година во Кочани. Во 2009 година го завршува првиот циклус високо образование и се стекнува со стручен назив дипломиран правник со 180 ЕКТС на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Во академската 2009/2010 година се запишува на постдипломските студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и ги завршува во 2012 година со просечен успех од 9,75 и се стекнува со звање магистер на правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатката е волонтер во адвокатска канцеларија „Весна Веселиновска“ - Пробиштип.

3. Кандидатката **м-р Ивана Стаменкова ги достави следниве документи:**
- Пријава;
- Одлука за одбранет магистарски труд на Правен факултет „Јустинијан Први“ (четири копии заверени кај нотар);
- Примерок од магистерскиот труд;
- Извод од матична книга на родените (копија);
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Уверение за државјанство/

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ивана Стаменкова**, моминско презиме Крстова, е родена на 27 декември 1986 година во Кочани. Во 2008 година завршува Правен факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што се стекнува со звање дипломиран правник.

Во 2008-2010 година е студент на постдипломските студии по деловно право Правниот факултет „Јустинијан Први“. Во 2011 година го одбранува својот магистерски труд под наслов „Утврдување на цените на недвижностите“ и се стекнува со звање магистер на правни науки.

**4. Кандидатката м-р Сашка Мамучевска ги достави следниве документи:**

- Пријава;
- Мотивациско писмо;
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Копија од потврда за дипломиран правник како четврта по успех на правните студии од редот на дипломираните правници кои дипломирале во сесијата ноември-декември 2004 година;
- Копија од уверение за положени испити на додипломски студии Правен фаултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
- Копија од диплома завршени додипломски студии Правен фаултет „Јустинијан Први“;
- Копија од Уверение за положени испити на втор циклус студии на Правен факултет „Јустинијан Први“;
- Копија од диплома за завршени постдипломски студии на Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје;
- Копија од Одлука за усвојување на извештајот за оцена на подобноста на кандидатот и тема за докторска дисертација на Правниот факултет во Скопје;
- Копија од Одлука за формирање комисија за оцена на подобноста на кандидатот и темата за докторска дисертација;
- Копија од потврда од приватната високообразовна установа - Висока стручна школа „Факултет за бизнис економија“ - Скопје за ангажман како помлад асистент по предметот Деловно право (2007-2009);
- Копија од потврда за вработена во Министерство за локална самоуправа од 16.4.2007 година, а започнувајќи од 14.5.2012 година е раководител на Секторот за надзор над прописите над општитните од Вардарскиот, Југоисточниот, Источниот и Североисточниот плански регион при Министерството за локална самоуправа – Државен инспекторат за локална самоуправа;
- Препорака од државниот секретар при Министерство за локална самоуправа;
- Копија од Решение за распоредување во ист орган на друго работно место во исто звање во Министерство за локална самоуправа бр.02-1485/1 од 11.5.2012 година;
- Копија од Решение за распоредување на државен службеник на работно место раководител на Сектор за Европска унија во Министерство за локална самоуправа бр: 11-1335/1 од 9.10.2009;
- Копија од Решение за распоредување на работно место со звање помлад соработник за имплементација на ИПА, бр. 04-2589/1 од 13.11.2007 година во Министерство за локална самоуправа;
- Копија од Решение за распоредување на работно место со звање помлад соработник за советодавни – правни работи, бр. 04-1223/1 од 14.5.2007 година во Министерство за локална самоуправа;
- Копија од Решение за распоредување на работно место со звање помлад соработник за поддршка на децентрализација, бр. 04-965/1 од 18.4.2007 година во Министерство за локална самоуправа;
- Копија од решение за вработување на државен службеник – приправник на работното место помлад соработник на правни и административни работи, бр. 04-/3471/1 од 1.8.2006 година во Министерство за локална самоуправа;
- Копија од потврда за работно место помлад соработник приправник во Одделението за општи и правни работи, бр. 04-87/38 од 30.4.2007 година, Генерален секретеријат Влада на Р. Македонија;
- Копија од потврда за работен ангажман во Управа за јавни приходи - Регионална дирекција Скопје, преку Студентска задруга во Скопје, бр. 16-3022/2 од 14.7.2006 година;
- Копија од потврда за обавување волонтерска пракса во Основен суд Скопје 1, Скопје, бр. 587/07 од 13.6.2007 година;
- Копија од потврда за приправник во канцеларија на адвокат Атанас Стојаноски, бр. 04-1077/05 од 27.4.2007 година;

- Копија од диплома за основен и копија од диплома за напреден курс за работа со компјутер;
- Копија од тест со постигнати резултати дека се служи со еден од светските јазици (TOEFL- Test of English as a Foreign Language);
- Копија до Уверение за државјанство;
- Копија од извод од матичната книга на родените.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Сашка Мамутчевска** е родена на 23 мај 1982 година во Скопје. Во перидот од 2000 до 2004 година е студент на Правениот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, каде што се стекнува со звање дипломиран правник (VII/1).

Во периодот од 2006 до 2011 година се запишува на постдипломските студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје и ги завршува со просечна оцена 10, со што се стекнува со звање магистер на правни науки од областа на деловното право**.**

Со Одлука бр.02-340/112 од 24 февруари 2012 година на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје е усвоен извештајот за оценка на подобноста на кандидатот и темата за докторска дисертација. Со тоа кандидатката се здобива со статус докторанд на правни науки.

Своето работно искуство го започнува како адвокатски приправник, а во периодот од 1 јули 2005 до 31 јануари 2006 година е ангажирана во Управа за јавни приходи, Регионална дирекција - Скопје. Во периодот од 6 март 2006 година до 31 јули 2006 година, реализирала волонтерска пракса во Основен суд Скопје 1 - Скопје. Од 2007 до 2009 година, кандидатката хонорарно е ангажирана како помлад асистент по деловно право на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа - Скопје. Во истиот период, кандидатката остварува работен ангажман како помлад соработник при Министерство за локална самоуправа. Од септември 2009 година до мај 2012 година, кандидатката е раководител на Секторот за Европска унија при Министерството за локална самоуправа. Од мај 2012 година до денес, кандидатката извршува функција раководител на Сектор за надзор над прописите за општините за Вардарскиот, Североисточниот, Источниот и Југоисточниот плански регион – Министерство за локална самоуправа.

Кандидатката Мамутчевска има посетувано повеќе обуки, семинари и тренинзи во државата и странство. Таа има солидно познавање од англискиот јазик и добро познавање од германскиот јазик.

5. **Кандидатката м-р Кристина Мишева ги достави следниве документи:**

- Пријава;
- Диплома за завршено соодветно образование (оригинал и три копии заверени кај нотар);
- Диплома за одбранет магистерски/докторски труд (оригинал и три копии заверени кај нотар);
- Одлука бр.02-1080/5 од 11.7.2011 година за подобност на кандидат и тема за докторска дисертација (четири примерока);
- Кратка биографија (во четири примероци);
- Потврда дека се служи со светски јазици (англиски и италијански);
- Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал);
- Уверение за државјанство.

***А. Биографски податоци:***

Кандидатката **м-р Кристина Мишева** е родена на 11 април 1980 година во Штип. Дипломира на Правниот факултет „Јустинијан Први” при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје во академската 2002/2003 година и се стекнува со звање дипломиран правник.

Во академската 2003/2004 година се запишува на постдипломски студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Испитите од постдипломските студии ги положува со просечен успех 9,40, заклучно со 18 октомври 2005 година.

Во април 2006 година кандидатката м-р Кристина Мишева го положува правосудниот испит.

Во 2010 година магистрира на тема „Инвестициски фондови - правни аспекти" при Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје и се стекнува со академски степен магистер на правни науки од областа на деловното право.

Во мај 2011 година има пријавено тема за докторска дисертација „Супервизија и контрола на институционални инвеститори" на Правниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, а со Одлука бр.02-1080/5 од 11 јули 2011 година има одобрена подобност на истата.

По дипломирањето, кандидатката работи како волонтер во Основен суд - Штип во извршно, кривично и прекршочно одделение како и во Одделот за работни спорови. Од 2004 до 2007 година работи во Комерцијална банка АД Скопје – Филијала Штип. За периодот од 2004 до 2008 година е избрана за судија-поротник во Основен суд – Штип.

Од 2 јуни 2007 година со Одлука на Матична комисија, Кристина Мишева е избрана во соработничко звање помлад асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. На 2 јуни 2010 година е избрана за асистент во научна областа деловно право на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип со Одлука број од 1602-60/18 од 2 јуни 2010 година. Од изборот до денес активно е вклучена во работата со студентите (вежби, консултации, изработка на семинарски трудови и есеи, обработка на податоци за студентите и останати дополнителни активности поврзани како за наставно-научниот процес, така и со од аспект на евиденциско-административни задачи).

Кандидатката е член на Наставно-научниот совет на Правниот факултет на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип за периодот од 2007 до 2009 година и од 2011 година до денес. Член е на Комисија за нормативна дејност при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип од 2007 година до 2009 година. Исто така, повеќе пати е член на Уписна комисија за прием на студенти на прв циклус на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Од приложената документација и досегашното работно искуство на Факултетот, очигледно е дека кандидатката м-р Кристина Мишева одлично зборува англиски јазик и има добро познавање од италијанскиот и хрватскиот јазик. Таа поседува изнворедни организациски способности, како и способност за тимска и индивидуална работа. Учествува на голем број домашни и меѓународни семинари и обуки од областа на правото.

***Б. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

***Б1. Во изминатиот тригодишен период кандидатката изведувала вежби на следниве курсеви:***

– Теорија на државата и правото (од академската година 2007/2008 -до денес);
– Вовед во политички науки (од академската година 2011/2012);
– Право на друштвата (од академската година 2008/2009 до денес);
– Финансово право (од академската година 2009/2010 до денес);
– Трудово право (од академска година 2012/2013 до денес).

***Б2. Во изминатиот период кандидатката ги напишала и објавила следни стручни и научни трудови:***

1. Тушевска Б., **Мишева К**. (2008): Друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво за вежби, интерна скрипта по предметот Право на друштвата, коавторство, Правен факултет –Универзитет „ Гоце Делчев" – Штип;
2. **Мишева К**. (2009): Друштва за управување со отворени инвестициски фондови, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип; Правен факултет, Годишен зборник бр.1, стр.169 -181;

3. **Мишева К**. (2010): Инвестициски фондови – правни аспекти, монографија, Алфа 94, Скопје, 2010;
4. **Мишева К**. Андонов М., (2011): Оданочување на удели кај инвестициските фондови, Правник бр.226, Скопје;
5. **Мишева К**. (2011): Ликвидација на друштвата за управување со отворени инвестициски фондови; Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, Годишен зборник бр.2 ;
6. **Мишева К**. (2011): Светската економска криза и нејзиното влијание на пазарот на капитал согледано преку инвестициските фондови, II Меѓународна научна конференција: Меѓународен дијалог Исток - Запад, Корпоративен меѓународен славјански универзитет Свети Николе - Тамбов, стр.280-284;
7. **Мишева К**. Андонов М. (2012): Неки аспекти законодавства о управљању отпадом са посебним акцентом на батерије и акумулаторе отпадне батерије и акумулаторе у Републици Македонији, 10 Међународни научни скуп Синергија 2012, Бијељина, Република Српска стр.403-410;

**Елаборација на трудот под реден број 1**:

***„Друштво со ограничена одговорност и акционерско друштво – интерна скрипта“***

Во трудот се дава краток осврт на најважните карактеристики на дел од капиталните друштва во Р. Македонија. Истиот е приспособен на потребите на студенти од втора година за да можат студиски да навлезат во проблематиката на предметот Право на друштвата. Применувајќи ги резултатите од теоретските и практичните согледувања за оваа проблематика, авторите системски го конципирале трудот, така што скриптата е структурирана во два дела. Истата ги уредува основните правно-институционални прашања поврзани со горе споменетите два вида на трговски друштва. Во првиот дел се дава осврт на друштвата со ограничена одговорност, преку определување на поимот и белезите на друштвото со ограничена одговорност, основањето, правата и обврските на содружниците кои произлегуваат од ваквиот тип на „здружување“. А, во вториот дел на трудот се одработуваат основите карактеристики на акционерските друштва согласно со Законот за трговски друштва, начините на основање кои го карактеризираат акционерското друштво, начинот на одлучување на акционерите, органите на управување и надзор на АД, зголемување и намалување на основанта главнина и престанување на АД. Скриптата е изработена во согласност со студиската програма и во поголем дел ги олеснува вежбите на студентите.

**Елаборација на трудот под реден број 2**:

***„Друштва за управување со отворени инвестициски фондови“***

Следејќи ја светската динамика, а особено европската во развивањето на небанкарските институционални инвеститори неминовно создаде, односно наложи развивање на македонскиот пазар на капитал, а со тоа и потреба од донесување на нова законска регулатива, која го отвори македонскиот пазар на капитал надвор од границите за „малите“ домашни и/или странски, индивидуални и/ или институционални вложувачи. Отворените инвестициски фондови и Друштвата за управување со отворените инвестициски фондови заземаа место на македонскиот пазар на капитал со тенденција во иднина да бидат едни од влијателните учесници на македонскиот пазар за хартии од вредност.

Авторката на трудот има за цел да даде една анализа на новиот Закон за инвестициски фондови и директивите и упатствата на Европската унија кои се однесуваат на друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност (ДКИПХВ), притоа алудира на внесените промени посебно во делот за отворените инвестициски фондови и друштвата кои управуваат со отворените инвестициски фондови. Ваквото транспонирање на европските директиви во нашето законодавство и направените законски промени беа и поттик авторот да даде краток осврт на друштвата за управување со отворените инвестициски фондови, осврнувајќи се на предностите, односно последиците кои придонесоа да дел од овој тип на институции престанат со нивното дејствување на нашиот пазар.

**Елаборација на трудот по реден број 3:**
***„Инвестициски фондови – правни аспекти“***

Несомнено, инвестициските фондови како вид на институционални инвеститори, сè уште претставуваат вистински предизвик за истражување од страна на научната и стручната јавност како од областа на правните, така и од областа на економските науки, давајќи притоа една мултидисциплинарна димензија. Со оглед на ова, може да се каже дека монографијата резултира со мошне важни и научно фундирани заклучоци, со оглед што темата на истражување е недоволно проучена од научната и стручната јавност кај нас, не само од правен, туку и од економски аспект.

Трудот е систематизиран во пет глави, придружен со објаснување на кратенки користени во текстот, поимник на специфични термини од странско потекло и прилози, понатаму има солиден опус на библиографски единици од домашно и странско потекло (книги, директиви на Европска унија, законски и подзаконски правни акти од домашно позитивно право, публикации, статии, научни и стручни трудови итн.).

Она што особено го привлекува вниманието на оваа монографија е фактот што м-р Мишева успеала да направи квалитетна анализа и елаборација на материјата што ја обработува и да укаже на спецификите што ги карактеризираат инвестициските фондови како институции. Авторката, со право, укажува на важноста на инвестициските фондови како вид на институционални инвеститори и неизбежни играчи кои битно влијаат на развојот и ликвидноста на пазарот на капитал, не само во Европската унија, туку и на глобално, светско, ниво.

Во трудот се наведуваат и новините поврзани со работењето на инвестиските фондови кои произлегоа од усвојувањето на новиот Закон за инвестициски фондови од 2009 година. Понатаму, се укажува на тоа колку се развиени односно неразвиени овие нефинансиски институции на нашиот пазар, кои се спецификите при основањето на инвестициските фондови одделно по типови и споредбено со претходниот Закон за инвестициски фондови, понатаму како да се заштитат инвеститорите кои вложуваат во фондовите, кој е нивниот правен статус, односно каква е релацијата друштво за управување – фонд - вложувачи.

Авторката посветува посебна глава на содржината и целите на основните европски директиви кои се однесуваат на друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност *(УЦИТС директивите*), како истите влијаат на националните правни акти и како друштвата за управување со отворените инвестициски фондови успеваат да опстанат на мал пазар на капитал каков што е македонскиот. Понатаму, се наведуваат идните проекции на Европската унија за овој тип на институции и засилување на регулативата и супервизијата на инвестициските фондови.

Преку извршените теренски анализи и истражувања м-р Мишева успеала да направи компарација помеѓу постоечките фондови и нивното вкупно влијание на пазарот на капитал. Понатаму, се укажува до кој степен е усогласена подзаконската регулатива и кои се основните акти на фондовите и на друштвата.

Во последниот дел на трудот е даден краток осврт на останатите типови на институционални инвеститори кои се актуелни на македонскиот пазар, навидум слични на инвестициските фондови (задолжителните пензиски фондови, јавниот фонд за пензиско осигурување и фондот за здравствено осигурување).

Инвестициските фондови се определни како субјекти кои се двигатели на економијата во високоразвиените држави, од една, но се укажува на моменталната состојба на пазарот за харитии од вредност која е повеќе од загрижувачка, од друга страна. Во Република Македонија фондовската мрежа за инвестирање не успеа да го заземе потребното место, па авторката укажува на неколку фактори кои влијаеле за недоволната развиеност на овој сегмент на националниот пазар на капитал. Како еден од факторите за ваквата состојба се укажува на слабата едуцираност и недоволното знаење за инвестициските фондови како институции за прибирање средства со професионално управување, како и стравот и несигурноста од нешто ново и малку познато.

Како резултат на извршените анализи и заземени ставови, авторката Кристина Мишева отвора некои нови прашања и дилеми за инвестициските фондови, а и за македонскиот пазар на капитал, воопшто. Со ова само се потврдува фактот дека инвестициските фондови

се карактеризираат со комплексна правно-економска природа и затоа нивната недоволна афирмираност оди на штета како на идивидуалните, така и на странските вложувачи, било да се физички или правни лица.

Мишева укажува на неопходноста од следење на европските текови кои ја регулираат предметната материја и хармонизација на домашното право со правото на Европската унија, особено на регулативата која се однесува на друштвата за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност, со цел унифицирање на пазарот на капитал, нудење услуги и производи надвор од националните граници.

Монографијата „*Инвестициски фондови – правни аспекти*“ претставува оргинален труд кој третира актуелна, значајна и суптилна тема за македонскиот пазар на капитал, претставувајќи ја авторката како вреден и квалитетен истражувач на полето на финансовото право и правото на хартии од вредност.

**Елаборација на трудот по реден број 4:**

***„Оданочување на удели кај инвестициските фондови“***

Во овој труд авторката преку анализа на конкретните одредби поврзани со оданочувањето на добивката од уделите од инвестициските фондови, утврдува (детектира) извесни проблеми и нејаснотии кои би можеле да се јават при имплементација на таквите законски одредби во праксата. Едновремено, преку конкретни предлози за интервенции во законската регулатива, согласно со направеното истражување и анализа, според мислењето на авторите, се дава придонес за квалитативно подобрување на регулативата од предметната област, со што се дава и позитивен импулс кон понатамошен развој и популаризирање на инвестициските фондови во јавноста, особено во државите каде што овој вид на алтернативно инвестирање и штедење е на маргините, каков што е случајот и со Република Македонија.

**Елаборација на трудот по реден број 5:**

***„Ликвидација на друштвата за управување со отворени инвестициски фондови“***

Ликвидацијата на отворените инвестициски фондови се одвива во постапка, која е различна во зависност од причините поради кои настанува ликвидирањето на отворените фондови. Оттука и иницијативата на авторот за изработка на еден ваков труд каде што ќе се стави акцент исклучиво на ликвидирањето на отворените инвестициски фондови и друштвата за управување на отворените инвестициски фондови. За цел полесно согледување на причините за ликвидирање на отворените фондови, во апстрактна смисла издвоено се прикажани причините за ликвидирање на фондовите и причините за ликвидирање на друштвата за управување со отворени инвестициски фондови. Терминацијата, односно ликвидацијата на друштвата претставува сложена постапка која настанува со или спротивно на „волјата на друштвото“. Затоа и ликвидацијата на отворените инвестициски фондови иницира отворање дилеми поврзани со оваа проблематика, оставајќи простор за понатамошна анализа.

**Елаборација на трудот по реден број 6:**

„***Светската економска криза и нејзиното влијание на пазарот на капитал согледано преку инвестициските фондови“***

Во претходната деценија скоро сите држави во светот беа погодени од економската криза која ја разниша финансиската стабилност воопшто и ги фрли на колена светските велесили пред нивната немоќ да го спречат крахот на берзите, банкротот на неколку големи банки, инвестициски компании, јавните и приватните фондови, финансиски друштва и останати финансиски институции. По глобалната економска криза на финансиските системи беше неопходно државите, односно владите да интервенираат со огромни средства за да го зачуваат интегритетот на финансиските институции.

Во секоја пазарна економија, пазарот на капитал како сегмент на финансискиот пазар однапред треба да биде така конципиран преку него да се остваруваат определени цели, кои однапред треба да ги знаат учесниците на пазарот. Пазарот на капитал претставува конкретна институционалана структура која ја сочинуваат институции, инструменти и

механизми преку кои се врши сретнување на понудата и побарувачката на долгорочни финансиски средства, со цел тие да се алоцираат кај субјектите на кои им се потребни за финансирање на инвестициите во капитални добра. Институционалните инвеститори се дел од таа финансиска инфраструктура, чии носечки столбови се: банките, инвестициските компании, инвестициските фондови, пензиските фондови и осигурителните друштва. Тие се од голема важност за развојот на финансискиот пазар на една земја.

Институционалните инвеститори на меѓународниот финансиски пазар, особено во земјите на OECD (Организација за економска соработка и развој), бележат голем раст и играат една од клучните улоги на финансискиот пазар. Па, слободно може да се каже дека агресивната политика на инвестирање која се водеше последната деценија на минатиот век беше под значително влијание на институционалните инвеститори. Инвестициските фондови се тип на институционални инвеститори кои имаат завидливо место на пазарот на капитал во сите високоразвиени земји. Сепак, некои експерти сметаат дека појавата на инвестициските фондови е предзнак за економски крах во една земја. Авторката на трудов успеала да ја прикаже промена на пазарот преку промената во вредноста на имотите на фондовите во периодот пред и после светската економска криза.

**Елаборација на трудот по реден број 7:**

***„Неки аспекти законодавства о управљану отпадом са посебним акцентом на батерије и акумулаторе отпадне батерије и акумулаторе у Републици Македонији***“

Во овој труд, авторката Мишева анализирајќи ги и следејќи ги европските и светските текови за заштита на животната средина ги проширила своите хоризонти во истражувањето на законодавството во областа на животната средина. Во трудот на лапидарен начин укажала на значајните напори кои ги направила Р. Македонија во законодавството, националните стратегиии и владини програми кои се однесуваат на развојот на еколошкото право во Македонија со цел да се усогласат со директивите на ЕУ на оваа проблематика. Несомнено, еколошкото право доживува експанзија во последните неколку години, а со тоа во националната легислатива се направи значаен чекор во воспоставување на насоки за здрава животна средина и заштита на истата. Во трудот се наведуваат кои се измените на и дополнувањата на законските и подзаконските акти Република Македонија, давајќи акцент на позитивното право кое се однесува на управувањето со отпад од батерии и акумулатори и отпадните батерии и акумулатори на териториајтана Р. Македонија. Авторите укажуваат на степенот на усклaдување на Директивата 91/157/ЕЕЦ и Директивата 2006/66/ЕЦ за батерии и акумулатори и отпадните батерии и акумулатори со Законот за акумулатори и отпадните батерии и акумулатори и со Законот за управување со отпад воопшто.

Во трудот авторите прават напори да дадат решение за минимизирање на негативното влијание од батериите и акумулаторите и отпадните батерии и отпадните акумулатори врз животната средина и потребата за менаџирање со отпадот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По анализата на доставената документација, Комисијата ги донесе следниве заклучоци.

Кандидатот **Василчо Илијев**, магистер на правни науки, не ги исполнува условите утврдени во член 17, став 1, алинеја 2, 3 и 4 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Исто така, Комисијата констатираше дека недостасува диплома (оригинал и три копии заверени кај нотар) за завршено соодветно образование и диплома (оригинал и три копии заверени кај нотар) за одбранет магистерски труд согласно со Конкурсот за избор во соработничко звање асистент.

Кандидатката **Станка Трифунова**, магистер на правни науки, не ги исполнува условите утврдени во член 17, став 1, алинеја 2, 3 и 4 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Исто така, Комисијата констатираше дека недостасува диплома (оригинал и три копии заверени кај нотар) за завршено соодветно образование и диплома (оригинал и три копии заверени кај нотар) за одбранет магистерски труд согласно со Конкурсот за избор во соработничко звање асистент.

Кандидатката **Ивана Стаменкова**, магистер на правни студии од областа на деловното право, не ги исполнува условите утврдени во член 17, став 1, алинеја 2, 3 и 4 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Исто така, Комисијата констатираше дека недостасува диплома (оригинал и три копии заверени кај нотар) за завршено соодветно образование и диплома (оригинал и три копии заверени кај нотар) за одбранет магистерски труд, согласно со Конкурсот за избор во соработничко звање асистент.

Кандидатката **Сашка Мамучевска**, магистер на правни науки од областа на деловното право - студии од областа на деловното право, не ги исполнува условите утврдени во член 17, став 1, алинеја 2 и 4 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип. Исто така, Комисијата констатираше дека недостасува диплома (оригинал и три копии заверени кај нотар) за завршено соодветно образование и диплома (оригинал и три копии заверени кај нотар) за одбранет магистерски труд согласно со Конкурсот за избор во соработничко звање асистент.

Кандидатката **Кристина Мишева**, магистер на правни науки од областа на деловното право, ги исполнува условите за избор во соработничко звање асистент од областа деловно право согласно Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно научни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Конкурсот за избор. Имено, кандидатката м-р Кристина Мишева актуелен асистент на областа деловно право кон пријавата ги доставила сите потребни документи согласно со конкурсните услови. Доставила оргинал диплома и три копии заверени на нотар за завршни академски студии од прв и втор циклус правни студии на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, список на објавени научни и стручни трудови во домашни и меѓународни списанија и доказ за познавање на два странски јазика (англиски и италијански). Исто така, кандидатката има претходно искуство од еден мандат како помлад асистент и еден мандат како асистент на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип од соодветната област. Кандидатката покажува перманентен развој во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Ова се потврдува со објавените научни и стручни трудови, учеството на меѓународни и домашни конференции, остварениот студиски престој, учеството на проекти, обуки и семинари, активната соработка со студентите и постојаната ангажираноста во наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес. Членовите на комисијата врз основа на личното познавање на кандидатката се цврсто уверени дека се работи за многу солиден и перспективен млад научен работник.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет Универзитет „Гоце Делчев" - Штип **да ја избере м-р Кристина Мишева во соработничко звање асистент на научната област деловно право.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Пендовска, редовен професор – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Блажевски, вонреден професор – член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, вонредовен професор – член, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Кристина Мишева, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | **20** |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 32 | Број на часови по 0,5 поени за секоја учебна година | 16 |
| Интерна скрипта од вежби | 1 | 2 | 2 |
| Раководител на студент во учество на студентска манифестација во странство (ISFiT Student Piece Prize 2013, Norway; ISFiT Ambassador Macedonia for 2013) | 1 | 2 | 2 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | **26,5** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Монографија | 1 | 10 | 10 |
| Учесник во научен проект (помлад истражувач) | 1 | 3 | 3 |
| Студиски престој во странство (Р. Хрватска) | | 8 | 8 |
| Учество на научен собир со реферат (усно) во земјава | 1 | 1,5 | 1,5 |
| **Стручно- апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | **24** |
| Труд во стручно списание | 1 | 2 | 2 |
| Труд објавен во зборник од трудови | 3 | 2 | 6 |
| Член на факултетски орган (ННС) | 2 | 2 | 4 |
| Член на факултетски комисии (уписна комисија ) | 4 | 2 | 8 |
| Техничко унапредување | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **70,5** | | |